4. Избегнувајте да ги подигнувате лактите во крилеста позиција, држете ги во агол од приближно 90 °;
5. Грбот, особено во лумбалниот дел, треба да биде потпрен на столчето, обезбедувајќи подобра поддршка;
6. Горниот дел од торзото треба да биде прав или потпрен наназад;
7. Држете ги зглобовите на дланките исправени, да не бидат свиткани нагоре, надолу или на страна;
8. Колената треба да бидат на иста висина со колковите, а стапалата треба да бидат поставени пред колената;
9. Вашите стапала треба да допират целосно на површината на подот, и избегнувајте ги точки на притисок по должината на вашиот грб, на бутот или задната страна на колената. (Westgaard , R.H., & Winkel, J., 1996).



Слика 3: Неправилно стоење

Како што знаеме во денешно време работниците се изложени на продолжен период на стоење и преку времени работни часови, што може да предизвика разни здравствени проблеми кои вклучуваат болки во стапалата, отекување на нозете, проширени вени, мускулен замор, болки во долниот дел на грбот, вкочанетост во вратот и рамената и други слични состојби. Во текстилната индустрија овие мускуло-скелетни нарушувања се случуваат најчетосто кај кројачите.

Уреденоста на работното место, алатките кои ги користи и поставувањето на контролните екрани и другата опрема која работникот ја користи, може да ги ограничи позициите на телото за работникот додека стои. Со ова се ограничуваат изборите на позиции на телото и го намалува слободното движење на работникот, што најчесто доведува до оптеретување на една мускулна група. Продолжениот период на стоење најчесто ја намалува количината на крв која оди до оптоварените мускули. Недоволниот проток на крв го забрзува заморот и предизвикува непријатност во мускулите на нозете, грбот и вратот (овде спаѓаат мускулите кои го држат телото во исправена положба). Исто така може да речеме дека долгото стоење без одредени прекини со одење или седнување, предизвикува собирање на крв во нозете и стапалата, што доведува до проширени вени и воспаление на истите. Прекумерното стоење предизвикува и привремено имобилизирање на зголобовите во 'рбетот, колковите, колената и стапалата.


Работното место како што е кројачот, работните маси и клупи треба да бидат прилагодливи според висината на самиот работник и треба да се совпаѓаат со зададените работни задачи. Со оваа мерка на работникот му дозволуваме да работи во избалансирана позиција на телото. Една од главните ергономски работи е работникот да има доволно простор за движење, потпирачите за лактите за прецизна работа помагаат за да се намали напнатоста во надлактицата и вратот. Алатките и контролните копчиња да бидат поставени на лесно дофатливи места, за да не се доведува работникот во позиција на извиткување.

Онаму каде што дозволува работата треба да се обезбеди ергономско столче за да може работникот да ја извршува работата седејќи. Столчето мора да биде прилагодливо според висината на работникот и да одговара на видот на работата што се врши. За работната задача која треба само да се стои, препорачливо е да се стави столче на работникот за повремено да седи.

Имаме голем број на придобивки од разновидните позиции на телото. Се зголемува бројот на мускули кои се вклучени во работата, што доведува до распределба на оптеретувањето на различните делови од телото. Исто така го подобрува снабдувањето со крв на работните мускули. Комфортот на прекувременото стоење може да се подобри и со по квалитетни обувки и со видот на материјалот на самиот под. (Foot Comfort and Safety at Work, Prevention of Slips, Trips and Falls, Anti-fatigue Mats)

Препораки за работните задачи кои баараат различни висина на работната површина:

- Прецизните работи, како кроење и електронско склопување, работната маса треба да е околу 5см над висината на лактот;
- Работните задачи како склопување или другите механички работи, работната маса треба да е околу 5-10см под висината на лактот.
- Потешките работи како режење кои бараат надолни сили, работната маса треба да е 20-40см под висината на лактот.




Слика 4: Како изгледа едно ергономско работно место според потребите на работната задача

Што друго може да направиме за да ги намалиме непријатностите во стоечката положба?

- Може да ја прилагодиме висината на работата според димензиите на телото, користејќи ја висината на лактот како водач;
- Да ја организираме нашата работна маса, така што потребните алатки за работа ќе бидат на дофат;
- Држете го телото блиску до работната маса;
- Треба да имаме доволен работен простор за промена на работната положба;
- Да се користат одмарачи за нозете кои се како шини, тие ќе ни помагат да ја префрламе телесната тежина од двете нозе на едната или на другата;
- Да се користи ергономско работно столче секогаш кога работата дозволува седечка позиција, или барем кога работниот процес дозволува одмор.

Негативните последици од неергономските услови на работното место можат да се зголемуваат непрекинато, освен доколку се преземат превентивни мерки за проценка и намалување на овие проблеми. Подобрувањето на ергономијата на работното место може

значително да го подобри здравјето на мускулно-скелетниот систем на работниците и да придонесе кон поефикасна контрола на работните задачи и намалување на бројот на повредите при работа.



Слика 5: Ергономска работна маса

1.2.2 Физиолошка работа на човекот

Под работа се подразбира секоја човечка активност која се изведува во рамките на одредената професија, Врз функционалната состојба на човечкото тело влијае и организацијата на човековата работна активност, исто така влијае и врз физиолошката состојба на човечкиот организам. При извршување на некоја работна активност, човечкиот организам се приспособува на работата со вклучување на функционалните и регулациските механизми, што ги прилагодува поединечните органи, органските системи така што и самиот организам се прилагодува како целина на работата и работната околина. Најважен дел од сето ова е прилагодувањето на човечкиот организам кон физичката работа.

Физичката работа означува, функционирање на скелетните мускули, при кое се троши енергија. Механичката работа се појавува како резултат на претворањето на хемиската енергија во механичка, при што се ослободува топлина.

Да ја измериме работната активност на еден човек, потребно е да ја измериме потрошената енергија. Потрошената енергија може да ја измериме преку потрошениот кислород. За да ја потрошиме ние таа енергија и да ја изведеме одредената работна

активност мускулите треба да добиваат соодветна количина на крв односно кислород. Според интензитетот на потрошената енергија (кЈ/мин), работата може да ја класифицираме во следните категории:

- Лесна работа до 15,5 кЈ/мин;
- Средно тешка работа 15,5 до 20,5 кЈ/мин;
- Тешка работа 26,0 до 32,7 кЈ/мин.

Интензитетот на физичката активност може да се категоризира во зависност од ангажираниот максимален аеробен капацитет (МАК) на следниот начин:

- Лесна работа до 25% од МАК;
- Умерена работа 25-50% од МАК;
- Тешка работа 51-75 од МАК;
- Многу тешка работа 75% од МАК (Карацинска-Бислимвска et al., 2011).

Оценувањето на интензитетот на работата е клучен аспект за прецизна анализа на работната способност. Оваа задача е комплексна, бидејќи интензитетот на работата претставува личен аспект, усогласен со конкретните вештини и карактеристики на работникот во однос на специфичната работа. Тешката работа кај лицето може да се изрази како:

- замор;
- субјективно чувство за тежина;
- намалена ефикасност на работата;
- паболувања;
- Повредување;
- напуштање на работните места.

Според типот на мускулните активности, физичката активност се класифицира како: статичка и динамична работа.

1.2.2.1 Психолошка страна на еден работник

Психолошката страна на еден работник значи како еден работникот ментално се прилагодува кон работата (обуката, едукацијата) и адаптација на работната околина кон менталната потреба на работникот.

Значајни фактори за извршување на работата се особините на личноста, компетентноста, познавањето, умешноста и мотивацијата. Психосоцијалните аспекти во


работната средина се разновидни и сложени,но да ја спомнеме монотоната работа каде задачите за работа се повторливи и циклични што работникот може да го доведе во когнитивна состојба и со намалено расположение за работа. Со монотоната работа се појавува намален интерес за работата исто така мотивацијата се сведува на минимум што може да доведе до нарушување и на менталното здравје. Овде може да наведеме и за работата во смени, поради која што може да се наруши биолошкиот ритам на психофизиолошките функции во организмот, доведување до дисбаланс во исхраната, спиењето, намалена концетрација и внимание, намалена комуникација со семејството и може да предизвика ментални проблеми.

Работата може да го доведе човекот до изнемоштување, како физички така и псхички. Физичкиот замор се покажува со намалена функција и слаба координација на мускулите, додека кај умствениот замор се покажува преку: забавеното и збунетото размислување, намалување на интелектуалната способност, промени во расположението, намалување на психофизичките функции. Доколку работата која ги предизвикала овие состојби и понатаму се изведува, може да се развие и хронична исцрпеност кај работникот. Хроничната исцрпеност на работникот може доведе до намален апетит, намалена тежина и загрозување на општата здравствена состојба. Во ваква ситуација, потребно е прекин на работната активност и одмор.

1.2.2.2 Статична работа

Статичната работа доведува до брзо настанат замор, бидејќки напнувањето на мускулите трае без прекин, односно нема можност за одмор. Во периодот каде се извршува статичната работа, циркулацијата на крвта во мускулите е намалена, што резултира со стагнација на крвта и акумулација на неоксидирани продукти во организмот како целина. При извршувањето на статичната работа, се забележува лесно зголемување на потрошувачката на кислород, но откако дејството ќе престане, потрошувачката на кислород наеднаш се зголемува и протокот на крв се зголемува.


Продолжителната статична напнатост, мускулниот замор и комбинацијата со недоволно снабдување со крв, може да предизвика развој на болести во мускулите, нервниот и кардиоваскуларниот систем.



Слика 6: Статичка работа

1.2.2.3 Динамична работа

Динамичката работа, во спротивност од статичната работа, вклучува движење на телото во просторот. Во текот на динамичната работа, мускулите се активираат и контрахираат, што придонесува за добро снабдување на ткивата со кислород и отстранување на метаболичките производи од нив. Со динамичната работа настанува промена на положбата на коските.



Слика 7: Динамичка работа


1.3. БОЛЕСТИ ПОВРЗАНИ СО МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА

Болестите поврзани со мускулно-скелетниот систем не се појавуваат одеднаш, тие настануваат пополека во текот на годините поради лошите работни навики и услови. Поради големата застапеност кај работниците претставува голем предизвик за инженерите во безбедноста и здравјето при работа. Причината поради која настануваат овие заболувања е од работните активности како што се:

- повторувачки или присилни движења
- незгодни и статички позиции

- забрзана работа
- продолжено седење или стоење во иста положба
- слабо осветлување, ладна работна околина и вибрации
- ракување со товар, значително при виткањето и извиткувањето.

Овие заболувања честопати резултираат со привремена неспособност за работа меѓу работниците, што може да доведе и до намалување или губење на работната способност.



Слика 8: Регии на мускунло-скелетни нарушувања

1.3.1 Лумбален синдром

Лумбалниот синдром е распостранета здравствена состојба, што често се јавува поради неправилно и неприродно движење на `рбетниот столб, најчесто во пределот на ‘рбетот, односно крстот. Овој синдром најчесто се предизвикува од активностите како: подигање и носење на товар, флексија на телото, особено ако се изведува во комбинација со ротација, продолжено стоење или седење, како и повторливи движења и општа вибрација. На пример, неправилно наведнување на напред и подигање на товар, кој не мора да биде тежок, може да резултира со изместување на дискусот од неговата нормална позиција.



Слика 9: Лумбален синдром

Најчесто лумбалниот синдром се појавува во професиите како што се:

- лумбален синдром заради подигање и преместуваање на товар или зачестено наведнување;
    - градежен работник;
    - дрвосечач;
    - земјоделски работник;
    - рударски работник;
    - работник во магацин;
    - рачно подигање на товар (рачна работна сила);
    - хигиеничар;
    - болничар;
    - автомеханичар.


- Појавување на лумбален синдром поради општи вибрации најчесто се случува кај;

- Возач;
- Багерист;
- Тракторист;
- Кранист;
- Виљушкарист;
- Градежништво.

- Лумбален синдром поради долготрајно стоење или седење:
  - текстилен работник;
  - програмер;
  - келнер;
  - продавач;
  - готвач;
  - работник на стационирана машина;
  - административен работник.

Рачното подигање и пренесување на товарот е секојдневна активност кај некои професии, а овие активности можат да влијаат на здравјето и да предизвикаат повреди, особено ако не се изведуваат соодветно. За да се намали ризикот од повреди при овие активности, важно е да се следат одредените техники и да се имаат во предвид одредените принципи. Препорачливо е рачното подигање на товар да се извршува само кога не е можна примената на машините за подигање на товарот и задолжително да се внимава на дозволениот максимален товар кој може да го подигне еден работник.

Кога се подига тежок товар, правилната позиција на телото е клучна. Нагласувањето на правилната техника вклучува користење на нозете за подигање на товарот, а не грбот, како и поддршка на тежината на товарот со рамената. Доколку товарот се подига стабилно и со контролирано движење може да го намали ризикот од повреда на грбот.



Слика 10: На сликата е прикажано како треба правилно да се подига товарот, наспрема како не треба да се подига товарот

Исто така, пренесувањето на товарот треба да се изведува со внимание и предвидливост. Овозможувањето на доволно место за движење и користење на помагала или техники за пренос на товарот може да се покаже корисно за избегнување на напрегања и повреди.


Важно е и редовно да се прават паузи и да се изведуваат вежби за истегнување на мускулите по долги периоди на подигање и носење на товар. Правилниците за рачно подигање на товарот се клучни упатства кои работниците треба да ги почитуваат, согласно со полот и возраста. И на крај, редовно да се променува положбата на телото кај долготрајните работни процеси како што се седечката и стоечката положба. Промената на положбата го олеснува напорите на мускулите и го намалува негативното влијание на прекумерното стоење и седење на телото.

Возраст	Машки пол	Женски пол
15 до 19 год.	35 кг	13 кг
над 19 до 45 год.	55 кг	30 кг
над 45 год.	45 кг	25 кг
бремени жени		5 кг

Табеларен приказ на дозволената маса на товарот кој може да се подигне во зависност од полот и ворзраста на работникот. ,,Службен весник на РМ" бр. 135 од 08.11.2007 година

1.3.2 Синдром на карпалниот тунел


Синдром на карпалниот тунел е состојба која најчесто се јавува поради притисок врз нервите на зглобот во раката, односно медијалниот нерв е компресиран од коскениот карпален тунел на зглобот. Овој притисок на карпалниот тунел може да предизвика болка, трнење, печење или слабост во раката и прстите.



Слика 11: Карпален тунел

Настанувањето на синдромот на карпалниот тунел е резултат поради компресијата на медијалниот нерв, еден од трите главни нерви на раката. При компресијата на медијалниот нерв доаѓа до намалување на просторот во карпалниот тунел, со текот на времето може да настане и воспаление и задебелување на карпалниот лигамент. Ова може да се должи на повторувањето на одредени движења со рацете, притисок врз нервите поради одредени медецински состојби или повреди, оток или задржување на течност, поради повреда на коската во таа област што ќе доведе до стеснување на тунелот каде што е нервот, преоптеретеност на раката и хормонални промени на пр. (за време на бременост). Работите што бараат повеќе користење на рацете и повеќе притисок врз карпалниот тунел,

можат да бидат фактори кои го зголемуваат ризикот од овој синдром. (Royal United Hospitals Bath NHS Foundation Trust 2020).



Слика 12: Синдром на карпалниот тунел

Некој од професиите каде што се јавува синдромот на карпалниот тунел:

- информатичарите (програмерите, графичките дизајнери...);
- професии во производство (текстилни работници, стругари, монтажери...);
- уметници и занаетчии – луѓе кои работат рачно изработување на предмети со интензивно користење на рацете и прстите можат да бидат изложени на ризик од синдром на карпалниот тунел.
- Музичари;
- Земјоделски работници;
- Работници кои што работат со вибрирачки машини.

Третманот на синдромот на карпалниот тунел може да вклучува неколку различни методи но, најпрво да започнеме со примарната превенција. Овде спаѓаат личните заштитни и ергономски мерки, како и ограничување на механичките влијанија на најниското можно ниво, како и организација на работното место, редовно правење на паузи и избегнување на прекувремена работа.

Како второ ниво на превенција може да го кажеме редовните превентивни прегледи, каде што може рано де се утврди и превентира од овие заболувања. Терапевтите можат да предложат специфични вежби и техники за подобрување на функцијата на зглобот.


Во случаи каде што симптомите се сериозни или не се подобруваат со конзервативните методи, хирушкиот третман може да биде разгледан. Процедурите за ослободување на

притисокот врз нервите во карпалниот тунел се изведуваат преку хирушка интервенција за де се отстрани притисокот врз нервите и да се олеснат симптомите.

1.3.3 Епикондилитис на лактот

Епикондилитисот на лактот, или уште познат како „тенски лакт" или „голферски лакт" е забоолување кое предизвикува болка во подрачјето на надворешниот епикондил на лактот кој најчесто се појавува на раката која се користи повеќе.

Ова заболување обично се јавува поради надминати напрегања или повреди на мускулите и тетивите во таа област, што најчесто се случува поради прекумерна употреба, повторливи движења или неправилни движења при активностите.



Слика 13: Етикондилитис на лактот

Етикондилитис на лактот е најзастапен кај работниците на возраст помеѓу 20 и 65 години (Sanders TL Jr et al., 2015). Ова е честа состојба во неколку работни професии како што се работата со компјутери, работниците во производство и услуги како и на работниците кои се изложени на вибрации (Da Costa JT et al., 2015).

Примарната превенција за епикондилитис на лактот е склад на стратегии и мерки кои се преземаат за спречување на појавата на ова заболување кај луѓето. Овде се вклучени личните заштитни и ергономски мерки, организацијата на работното место, редовно

правење на паузи и избегнување на максимално оптеретување се дел од примарните превенции за намалување на ризикот од епикондилитис на лактот.

Како второ ниво на превенција може да ги кажеме редовните превентивни прегледи, каде што може рано де се утврди и превенира од овие заболувања.

Во терцијалната превенција овде веќе на лицето му е дијагностицирано заболувањето, при што треба да ги следи дадените мерки и стратегии кои се претприемаат за да се намалат последиците и да се подобри состојбата. Овде се влкучени неколку видови на постапки како што е: физикална терапија, употреба на лекови за облажување на болката, употреба на различни методи за намалување на воспалението, како и различни рехабилитациски постапки за враќање на функционалноста и способноста за работа на засегнатото лице.

1.3.4 Цервикален синдром

Цервикален синдром е состојба која настанува поради компресија или зголемување на волуменот на структурата на еден од цервикалните нервни корени во вратниот дел на ‘ ‘рбетотниот столб. Ова се случува поради различни причини како дегенеративни промени на ‘рбетот (остеоартроза), хернирани дискови или воспалена состојба. Исто така може да настане поради лошо држење на телото, рамената, средниот грб и сето ова предизвикува болка во грбот и вкочанетост во мускулите.



Слика 14: Цервикален синдром

Неправилното држење на телото во текот на работниот процес предизвикува промени и тоа:

- Субоксипитална (базата на черепот) и скапуларно околу мускулите на рамото;
- Пекторално (мускулите во регијата кај градниот кош);
- Флексери на вратот (мускулите во предниот дел на вратот);.
- Ромбоидни (во делот на рамињата)

Несоодветното третирање на церкивално-постурален синдром доведува до низа на заболувања:

- Остеоартритис;
- Заболувања на темпоро -мандибуларните зглобови;
- Главоболка;
- Проблеми при ротација со рамото.

(BIM Management Services Pty Ltd as trustee for The BIM Investment Trust, used under licence by Back In Motion Physiotherapy Pty Ltd, April 2012)

Во текот на акутниот период придружен со болка, се применуваат следниве терапии:

- Третман со ултравиолетова светлина (еритеми), целосно ориентирани кон подрачјето каде што се почуствувала болката;
- Синусоидално модулирани струи како дел од физикална терапија;
- Електрофореза со новокаин или лидокаин, се поставуваат електродите на `рбетниот столб од двете страни во соодветниот предел.

Примарната превенција за цервикалниот синдром вклучува различни стратегии и практики кои имаат за цел да спречат појава на ова заболување. Некои од пристапите кои можат да бидат дел од примарната превенција вклучуваат: ергономски пристап на работното место (со цел да се подобри стоењето и поддршката за вратот и грбот), редовни паузи и вежби (кратки паузи и вежби за истегање на вратот и грбот за време на работното време), контрола на стресот (стресот доведува до напрегање на мускулите).

Другото ниво на превенција за цервикален синдром вклучува редовни превентивни прегледи, кои имаат за цел рано да откријат и превентираат можни заболувања. Во рамките на второто ниво на превенција, следните стратегии и активности можат да придонесат за побезбедно работно место: едукација и свесност (здравствените стручнаци можат да обезбедат образование и свесност за правилна грижа за вратот и грбот, како и за препознавање на факторите за ризик), индивидуални совети и вежби (можат да се предложат индивидуални совети за правилно поставеност на телото, вежби за издржливост и истегнување, според потребите и состојбата на поединецот), оценка на работното место (оценката на работното место и предлозите за подобрување на условите може да бидат дел од превентивните мерки).

Како трето ниво на превенција овде веќе на лицето му е дијагностицирано заболувањето, при што треба да ги следи дадените мерки и стратегии кои се претприемаат за да се намалат последиците и да се подобри состојбата. Овде се влкучени неколку видови на постапки како што е физикална терапија, употреба на лекови за облажување на болката, употреба на различни методи за намалување на воспалението, како и различни

рехабилитациски постапки за враќање на функционалноста и способноста за работа на засегнатото лице.

1.4. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОПАСНОСТИ И ШТЕТНОСТИ КАЈ ШИВАЧИТЕ ВО ТЕКСТИЛНАТА ИДНУСТРИЈА

Почетоците на шивачката работа датира уште од пред индустријализацијата, кога голем дел од облеката се правела по мерка за секој поединец. Во овој период, шивачите и шивачките работеле рачно, користејќи основен алат како игла и конец. Тие биле вешти занаетии кои можеле да создадат слежени и уникатни парчиња облека. Вака изработените парчиња облека посебно по мерка за секој поединец барала многу време и често била скапа, што ја правело облеката да биде луксуз, претежно достапна само за богатите слоеви на општеството.

Воведот на Индустриската револуција во 20 век донела значајни промени во начинот на кој се произведувала облеката. Новите технологии, како што се машините за ткаење и шиење, овозможиле масовно производство на облека, значително го зголемиле обемот на производство и го намалиле времето потребно за изработка на облеката. Овие иновации придонеле кон намалување на цените на облеката, што ја направиле повеќе достапна за повеќето луѓе. Масовното производство исто така вовело стандардизирани големини на облеката, што е значителна промена од традиционалното производство по мерка.

Иако работното место-шивач на прв поглед не изгледа ризично, сепак постојат значителни штетности и опасности по здравјето и безбедноста на работниците. Потребно е да се направи проценка на ризиците на работното место за да се идентификуваат потенцијалните опасности. Овде може да ги вклучиме:

- Ергономските ризици: Долготрајното седење во несоодветен стол или неправилна позиција може да предизвика болка во грбот и вратот.
- Опасност од машините: Ризик од повреда од остри предмети како игли и ножици, како и потенцијал на зашивање на прстите при работа на машината за шиење.
- Експлозија на хемикалии: Употребата на бои и други хемикалии може да биде штетно ако не се употребуваат соодветните заштитни мерки.
- Визуелни напрегања: Напорно фокусирање на фини детали и мали предмети може да предизвика очни напрегања и проблеми со видот.

Работниот процес во текстилната индустрија, особено кај производството на облека, е комплексен и бара детална координација и прецизност од страна на шивачите. Во рамките на овој процес, шивачите преземаат различни работни активности кои се фокусираат на успешно производство и довршување на текстилните производи. Еве некои од клучните чекори и активности кои се изведуваат од шивачите:

1. Прием и анализа на задачата: Прво, шивачот ги прегледува инструкциите и техничките цртежи за секој модел. Ова вклучува разбирање на дизајнот, изборот на материјали, и специфични барања за производителот.

2. Подготовка на материјали: Изборот и подготовката на соодветните материјали е важен чекор. Ова може да вклучува сечење на материјалот според шаблонот, прилагодување на конецот и бојата на материјалот во согласност со дизајнот.

3. Шиење и собирање: Со користење на шивачки машини и рачни техники, шивачот ги спојува деловите од материјалот за да го формира основниот облик на облеката или текстилниот производ. Ова често вклулува комплексни техники како што е рачно шиење на декорации, вметнување на патенти и додавање на копчиња.

4. Контрола на квалитетот: По довршувањето на шивачките активности, следи процес на инспекција за да се осигури дека производот е според бараните стандарди. Ова вклучува проверка на штеповите, правилноста на димензиите и целокупниот изглед на производот.

5. Финални доработки: Вршење на какви било потребни доработки или поправки, како што се: исправање на штеповите, додавање на финални украси или подобрување на постоечките детали за да се подобри квалитетот и изгледот на производот.

6. Пакување и подготовка за испорака: Откако производот ќе биде целосно завршен, тој се пакува и подготвува за испорака до клиентот или за продажба.

Шивачите мора да бидат вешти во работењето со различни видови на ткаенини и материјали, да можат да следат детални инструкции, и да имаат развиено око за детали и квалитет. Успехот во оваа област често зависи од способноста на шивачите да се прилагодат на различните стилови и техники на шиење, како и нивната способност за решавање на проблеми кои можат да настанат за време на производствениот процес.

Обуката на вработените за самозаштита и безбедност на работното место е од суштинско значење за создавање на безбедна и здрава работна средина, особено во индустриите како што е текстилната, каде што работата со шивачки машини и остри алатки претставуваат потенцијални ризици. Ефикасната обука може значително да ги намали овие ризици и да спречи несреќи.

1.4.1 Анализа на работното место шивач и задачи

На работното место шивач, индивидуата е задолжена за извршување на задачи со висок степен на прецизност при употребата на различни видови на шивачки машини. Ова е витален процес за креирање квалитетни облеки, обрнувајќи внимание на секој детал, согласно со деталниот дизајнерски нацрт и упатствата за производство. Лицето мора биде претпазливо и да внимава на потенцијални ризици, како што се повреди од остри предмети претежно игли, за време на работата. Работното место- шивач бара долги

периоди во седечка работна позиција и концентрација, каде шивачот се ангажира во шиењето на разновидни текстилни материјали, притоа внимавајќи секоја облека да ја заврши според поставените стандарди и очекувања.

Шивачите секојдневно се среќаваат со различни предизвици кои доаѓаат од самите материјали или моделите кои треба да ги работат, иако нивните работни активности изгледаат повторливи, варијациите во материјалите и техниките на шиење воведуваат различности во секојдневната работа. Задолженијата кои ги добиваат шивачите најчесто се доделуваат писмено, усно или директно од надредениот.



Слика 15: Шивач

За време на работа, шивачите се подготвени со неколку клучни предмети и алатки кои им овозможуваат безбедно и ефикасно да ја извршуваат својата работна активност. Оваа опрема вклучува:

1. Работна униформа: Специјално дизајнирана за да обезбеди удобност и заштита за време на долгите часови на работа. Често е изработена од издржлив материјал кој е лесен за одржување.

2. Анатомски чевли со нелизгачки ѓон: Заштитни чевли дизајнирани да обезбедат удобност и заштита од лизгање како и повреди од остри предмети како што се

ножиците на пример, особено се важни во работни простории каде што може да има остатоци од материјал или текстил на подот.

3. Шивачки машини: Основна алатка на секој шивач е машината за шиење таа е витална за изработка на облека. Шивачите може да користат различни типови на машини, вклучително и оние за право шиење (обична), оверлок машини и декоративни шивачки машини.

4. Алатки за шиење: Овде ги вклучуваме ножиците за ткаенини, шивачки игли, разлабавувачи на штепови, мерки за ткаенини, шнајдерски метар, креда за означување, апарат за бушење за дупки и други помагала кои помагаат во процесот на кроење и шиење.

5. Макари со конце: Шивачите мора да имаат достапен широк спектар на бои и типови на конци за да одговараат на различните материјали и дизајни на облеката што ја изработуваат.

6. Лични заштитни средства: Заштитни очила за заштита од летање на мали предмети или фрагменти додека се работи и ракавици за заштита кога се работи се особено груби и тешки материјали.

7. Работна маса и стол: Ергономски дизајнирани за да обезбедат удобност и да ги намалат ризиците од мускулно-скелетни проблеми поради долготрајно седење или неправилна положба.

8. Помошни материјали: Како што се копчиња, затворачи, еластични траки и други декоративни елементи кои се користат за дополнување на конечните производи.

Работниот амбиент е организиран така што вработените имаат редовни паузи, договорени според индивидуални или колективни аражмани со работодавецот, додека платата е договорена преку индивидуален работен договор.

Обезбедувањето на безбедна и здрава работна средина е приоритет, за што работодавецот е задолжен да ги снабди работниците со заштитната опрема која е неопходна за лична заштита при работа, вклучувајќи квалитетна работна униформа и специјално дизајнирани чевли. На работното место се користат различни алатки и опрема за шиење, вклучително и професионални шивачки машини, игли, ножици за ткаенини и други помошни материјали кои овозможуваат ефикасно и квалитетно извршување на работните задачи.

1.4.2 Физички ризици и превенција за да не дојде до нив

Физичките опасности во работната средина, особено во шивачката индустрија, се значајни и бараат непрекината внимателност и превентивни мерки за заштита на вработените. Овие физички ризици можат да резултираат со повреди доколку не се применат соодветни безбедносни протоколи и практики:

- Опасност од повреди при движење во работниот простор: Пренатрупаност на материјали и алати може да ја отежне мобилноста и да предизвика паѓање или удирање од нив. Поставувањето на предмети на полици и плакари над одредена висина исто така го зголемува ризикот од повреди поради паѓање на предметите. Исто така одбележените патики за движење треба да се одржуваат чисти за да има олеснета мобилност. Превентивните мерки вклучуваат добро организирање и чистење на работниот простор, со цел да се осигура чиста и безбедна средина за движење.

- Опасност од повреди при шиење на машината и убод од иглата: Убодот од игла од шивачката машина може да предизвика сериозни повреди, особено ако вработениот невнимателно ракува со машината. За да се намали ризикот од овие повреди, вработените треба редовно да се обучуваат за правилна употреба на машините и да се потсетуваат на важноста на концетнрацијата за време на работа.

- Опасност од повреди при употреба на опремата за шиење: Алатките како што се иглите и ножиците за сечење се остри и можат лесно да предизвикаат повреди ако не се користат внимателно. Важно е да се обезбедат соодветни средства за лична заштита (како што се ракавиците кои се отпорни од прибод на такви остри материјали да се користат кога е можно) и редовно образование и тренинзи за безбедност за вработените за да се намали веројатноста за несреќи.

- Опасност од електични повреди: Постои ризик од електричен удар од шивачките машини особено ако опремата не е правилно одржувана или ако се користи во влажна средина. За да се намали ризикот од оваа опасност потребно е почесто контролирање на машини за шиење од страна на електричар.

- Изложеност на прашина и фрагменти: Сечењето на ткаенини или материјали може да предизвика летање на мали честички или фрагменти што потенцијално може да предизвика повреди на очите или кожата па и затнување на дишните патишта. Се препорачува во вакви услови да се носи заштитна маска и заштитна облека за да не дојде до повреди.

1.4.3 Влијанието на производната прашина и влакна на работното место врз здравјето на работниците

Вработените во текстилната индустрија, често се соочуваат со изложеност на фини честички и прашина генерирана за време на процесите на шиење, сечење и пакување. Овие честички можат да предизвикаат респираторни проблеми и потенцијално да влијаат на појавата на сериозни здравствени состојби, вклучително и респираторни заболувања и одредени видови на рак.

За вработените кои се изложени на прав од памук и други влакна, ризикот од развивање на специфични заболувања како професионална астма и бисиноза е зголемен. Симптомите на овие заболувања можат да вклучуваат проблеми со дишењето, чувство на стегнатост во

градите, чести напади на кашлица и отежнато дишење. Дополнително постои зголемен ризик од развивање на хронични респираторни состојби како хроничен бронхитис и хронична опструктивна белодробна болест.

Превентивни мерки

1. Имплементација на системи за вентилација и екстракција на прашина: Важно е да се инсталираат соодветни вентилациони и екстракциски системи за отстранување на прашина од воздухот во работните простории.

2. Употреба на заштитна опрема: Работниците треба секогаш да носат соодветна лична заштитна опрема, како што се респираторни маски, за да се намали вдишувањето на штетни честички.

3. Редовни здравствени прегледи: Спроведувањето на редовни здравствени прегледи за работниците може да помогне во рано откривање и лекување на какви било респираторни проблеми.

4. Обука и свест: Едуцирањето на работниците за потенцијалните ризици и правилната употреба на заштитна опрема е критично за намалување на експозицијата на штетни материи.

5. Подобрување на работните услови: Редовно чистење и одржување на работните простории за да се намали количеството на прашина и влакна во воздухот.

6. Ограничување на изложеноста: Спроведување на работни практики кои го ограничуваат времето на изложеност на работниците на потенцијално штетни услови.

Примената на овие мерки може значително да го намали ризикот од здравствени проблеми поврзани со изложеноста на прашина и влакна во текстилната индустрија.

1.4.4 Ризици и превенција од изложеност на хемикалии во текстилната индустрија

Во текстилната индустрија, процесите како: боење, печатење, финиширање и отстранување на дамки од готовите производи, работникот го доведуваат во контакт со множество хемикалии. Овие супстанции може да вклучуваат опасни состојки како: бензедрин, растворувачи, тешки метали и хемикалии кои ослободуваат формалдехид, како и антимикробни средства кои се користат за обрабока на ткаенините. Изложеноста на ваквите хемикалии може да предизвика сериозни здраствени проблеми кај работниците, вклучително и развој на рак на различни органи, респираторни заболувања, кожни реакции и контактен дерматитис. Дополнително постои ризик од различни видови на рак, вклучително и оние на усната шуплина, грлото, гастроинтестиналниот тракт, тироидната жлезда, тестисите и Хочкинов лимфом (малигно заболување на лимфните јазли).

Превентивни мерки

1. Употреба на заштитна опрема: Работниците треба да бидат опремени со соодветна лична заштитна опрема, вклучително и респираторни маски, ракавици, заштитни наочари и облека за да се намали директниот контакт со штетни хемикалии.

2. Контрола на воздухот и вентилација: Имплементацијата на ефикасни системи за вентилација и екстракција може да ја намали концентрацијата на штетни хемикалии во воздухот на работното место.

3. Замена на штетните супстанции со помалку штетни супстанции: Каде е можно, работодавците треба да ги заменат опасните хемикалии со помалку штетни алтернативи.

4. Редовни здравствени прегледи: Спроведувањето на редовни здравствени прегледи може да помогне во рано идентификување на здравствени проблеми поврзани со изложеноста на хемикалии.

5. Обука и свест: Важно е работниците да бидат едуцирани за потенцијалните опасности од хемикалиите со кои работат и правилно да ги користат заштитните опреми.

6. Подобрување на процедурите за работа: Развој и имплементација на безбедни работни процедури за намалување на изложеноста на опасни хемикалии.

7. Надзор и евалуација на ризиците: Спроведување на редовни оценки на ризикот и надзор на мерките за безбедност за континуирано подобрување на условите на работа.

Имплементирањето на наведените стратегии може значајно да ги намали здравствените ризици од изложеност на хемикалии во текстилната индустрија. Воведувањето на заштитна опрема, подобрена вентилација и безбедносни обуки се клучни за заштита на работниците. Ефиктивното управување со ризици и ангажманот на работодавците кон безбедност може да создадат посигурно работно место и да го заштитат здравјето на вработените.

1.4.5 Стратегии за превенција од биолошки агенси во текстилната индустрија

Во рамките на текстилната индустрија, работниците можат да се соочат со опасности од изложеност на различни биолошки агенси. Овие агенси вклучуваат, но не се ограничуваат на антракс, клостридиум (кој може да предизвика тетанус) и coxiella burnetti, кој е одогорен за развој на Q- треска. Таквата изложеност на само што носи потенцијал за развој на заразни болести, туку исто така може да предизвика алергиски реакции, токсичност и оштетување на витални органи и системи.

За да се намали ризикот од изложеност на биолошки агенси на работното место, особено во текстилната индустрија, неопходно е да се применат комплексни превентивни стратегии. Овие мерки обезбедуваат заштита на работниците и намалување на потенцијалните здравствени ризици.

1. Оценување на ризикот: Пред се потребно е да се направи темелна оценка на ризикот која ќе ги идентификува сите потенцијални биолошки агенси на работното место. Оваа оценување треба да го водат компетентни здравствени и безбедносни професионалци.

2. Обука и свест: Работниците треба да добијат соодветна обука и информации за ризиците од биолошките агенси и начините на пренос. Исто така, треба да се зголеми свеста за важноста на личната заштита и хигиена.

3. Лична заштитна опрема: На работниците треба да им се обезбеди и да се поттикнува употребата на соодветна лична заштитна опрема, вклучувајќи маски, ракавици, заштитни очила и специјализирани облеки, во зависност од нивото на ризик.

4. Хигиената на работното место: Редовно и темелно чистење и дезинфекција на работните простории и опрема за да се намали можноста за контаминација.

5. Медицински надзор: Редовен медицински надзор на работниците кои се изложени на висок ризик, вклучувајќи превентивни здравствени прегледи.

6. Процедури за итни случаи: Развој и имплементација на детални процедури за итни случаи за да се обезбеди брз и ефикасен одговор во случај на инцидент поврзан со изложеност на биолошки агенси.

1.4.6 Физичките агенси како професионален ризик

Работниците во текстилната индустрија често се соочуваат со изложеност на различни физички агенси кои можат да имаат неповолно влијание врз нивното здравје и безбедност. Тие вклучуваат изложеност на променлливи микроклиматски услови како што се: температура, влажност, топлинска радијација и промени во текот на воздухот, осветлување кое не е оптимално, бучава, вибрации како и нејонизирачко електромангнетно зрачење. Таквите услови се често за време на активности како ткаење, шиење и сечење на материјали.

Изложеноста на вибрации, особено кога се комбинира со други ризик- фактори, може да се резултира во хронични здравствени проблеми вклучувајќи нарушувања на циркулацијата и промени во зглобовите и коските, што може да се манифестира како трпнење, болки и проблеми со регулацијата на телесната температура. Продолжената изложеност на бучава од неправилно одржувана машинерија може да предизвика губење на слух и тинитус (sунење во ушите). Покрај тоа, бучавата може да доведе до различни неаудитивни проблеми како исцрпеност, замор, анксиозност, промени во крвниот

притисок и сонот. Слабо осветлување може да го зголеми ризикот од повреди и да предизвика проблеми со видот.

За да се намали ризикот од изложеност на физички агенси во текстилната иднустрија, работодавците и работниците треба да ги преземат следниве превентивни мерки:

1. Оценка на ризиците: Спроведување на редовни проценки на ризик на работните места за да се идентификуваат потенцијални опасности од физички агенси.

2. Контрола на миктроклиматските услови: Инсталирање на адекватни системи за греење, ладење и вентилација за да се одржува оптимална температура, влажност и циркулација на воздухот.

3. Оптимизирање на осветлувањето: Обезбедување на адектватно природно и вештачко осветлување за да се избегнат визуелни напрегања и потенцијални повреди.

4. Контрола на бучава: Употреба на шумопоголтнувачки материјали и изолација на бучни машини. Обезбедување на заштитни слушалки за вработените на изложени позиции.

5. Заштита од вибрации: Примена на антивибрациски подлоги и ракавици, редизајнирање на работните маси за намалување на директна изложеност на вибрации.

6. Ограничување на изложеноста на електромагнетно зрачење: Примена на безбедносни протоколи и заштита за работни места каде што постои ризик од електромагнетно зрачење.

7. Редовни здравствени прегледи: Спроведување на периодични медицински прегледи за рано откривање на потенцијални здравствени проблеми повразани со работната средина.

8. Образование и обука: Обуки на вработените за правилна употреба на заштитна опрема, како и за техники за работа кои го намалуваат ризикот од изложеност на штетни физички агенси.

1.5. НЕГАТИВНИ ЕФЕКТИ ОД ПСИХОСОЦИЈАЛНИ И ПСИХОФИЗИОЛОШКИ НАПОРИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТНОТО МЕСТО

1.5.1 Психосоцијални проблеми кај текстилните работници

Во текстилниот сектор, вработените често се соочуваат со психосоцијални притисоци кои произлегуваат од барањата на работните услови. Овие стресни состојби се резултат на дисбаланс меѓу очекувањата од работната средина и способностите на поединците да управуваат со овие барања. Особено е изразен проблемот кај работните места каде што

доминира монотонија, брз ритам на работни задачи без можност за работниците да влијаат на организацијата и темпото на својата работа. Поставените рокови, неразрешените социјални проблеми и недостатокот на поддршка можат значително да го зголемат нивото на стрес, доведувајќи до развој на различни психосоматски нарушувања кај вработените, вклучително и висок крвен притисок, промени во телесната тежина и проблеми со дигестивниот систем.

1.5.2 Ергономски фактори и нивната улога во мускулно-скелетните нарашувања

Текстилните работници често се соочуваат со повреди и болести кои се однесуваат на мускулно-скелетниот систем. Таквите нарушувања обично вклучуваат проблеми како што се напнувања и исчашувања на рамениците, рацете и лумбалниот дел на грбот. Кои се појавуваат поради долготрајното седење и честите движења кои работата ги бара. Мускулно- скелетните заболувања (МСЗ) се едни од најчестите здравствени предизвици поврзани со работата во текстилната индустрија, со извештаи во кои секој четврт работник во земјите на Европската унија изјавил дека има болки во грбот, додека секој петти известил за мускулни болки. Причините за овие повреди често се поврзуваат со рачното ракување со материјали и производи, што може да предизвика веднаш или постепено оштетување на мускулно-скелетниот систем.

1.5.3 Инциденти во работната средина

Условите на работата, вклучително и ергономските аспекти, мускулно-скелетните притисоци и психосоцијалните напрегања, играат значителна улога во создавањето на опасности на работното место во текстилната индустрија. Ова често резултира со различни видови на работни повреди. Обично работниците се изложени на ризик од повреди поврзани со употребата на машините и алатките со кои редовно вршат контакт, вклучувајќи случаи на убодни повреди од игли, повреди од алатки за создавање на дупки за копчиња или од употреба на рачни и електични ножици. Постои исто така ризик од нагмечување или потиснување од страна на машинеријата, што честопати води до повреди на раката или други делови на телото. Според домашните правила и закони, регистрирани се и повреди кои се случуваат при транзит од и до работа. Овде спаѓа: паѓањето, лизгањето и сопнувањето.

1.6. ВЛИЈАНИЈАТА ОД РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ПОВРЗАНИ СО ЗДРАВЈЕТО НА ВРАБОТЕНИТЕ

1.6.1 Ефектите од сменската работа и ноќните смени

Работата во смени е работно време кое се разликува од традиционалното работно време од седум до петнаесет часот. Вклучува работни смени кои се ротираат, обезбедувајќи континуирана операција на компанијата.

Ноќната работа, посебно кога е долготрајна или постојана, може значително да влијае на здравјето и добросостојбата на вработените. Ова вклучува пречки во циркадијалниот ритам на телото, што може да предизвика пореметувања во спиењето, исхраната и општата ментална и физичка здравствена состојба.

Вработените кои работат во смени и ноќна работа се изложени на поголем ризик од различни здравствени проблеми вклучително:

- Срцеви и кардиоваскуларни заболувања: Неправилните работни часови можат да доведат до зголемен крвен притисок и други фактори на ризик од срцеви заболувања.
- Ментални здравствени проблеми: покачени нивоа на стрес, анксиозност и депресија се чести меѓу луѓето кои работат ноќни смени.
- Дигестивни проблеми: нередовните оброци и промени во исхраната може да предизвикаат стомачни и дигестивни проблеми.
- Зголемен ризик од повреди и несреќи: уморот и сонливоста за време на работа значително ја зголемува веројатноста за работни и сообраќајни несреќи.
- Проблеми со спиењето: ноќната работа може да предизвика пореметувања во спиењето како што се инсомнија или намален квалитет на спиењето, што дополнително влијае на здравјето и продуктивноста.

За да се минимизираат овие ризици, работодавците и вработените може да преземат различни мерки за превенција и заштита, како што се адаптирање на распоредите на работа за да се овозможи доволно време за одмор, воведување на паузи за одмор во текот на смените и практикување на здрави животни навики. Со сеопфатен пристап кон управувањето со ризиците и поддршка за вработените, може значително да се подобри квалитетот на животот и здравјето на оние кои работат во смени и ноќна работа. (Закон за работни односи)

1.6.2 Влијанието на продолженото работно време врз здравјето

Прекувремената работа може да има различно влијание врз секој поединец, во зависност од нивните лични околности и начинот на кој таа се управува на работното место. Кога зборуваме за прекувремена работа се мисли за сите дополнителни часови кои вработените ги поминуваат работејќи надвор од стнадардното работно време дефинирано во нивниот договор. Ова може да вклучува се од неколку дополнителни часови неделно до редовно работење во викендите и празниците.

Законските норми во нашата земја строго ги регулираат условите и ограничувањата за прекувремена работа со цел да се заштитат правата на вработените и да се обезбеди правична компензација за нивниот дополнителен труд.

Продолжената изложеност на стрес и долги работни часови може негативно да влијае на физичкото и психичкото здравје на вработените. Покрај тоа, прекумерната работа може да го наруши балансот помеѓу работата и личниот живот, оштетувајќи ги меѓучовечките односи и намалувајќи го времето за одмор и релаксација.

Едно истражување открива дека работата на прекувремени и продолжени работни часови значително ја зголемува опасноста од настанување на професионални повреди и болести. Специфично, работата во прекувремени часови била поврзана со 61% поголем ризик од повреди во споредба со работните места без прекувремена работа. Работата која се одвивала 12 часа на ден била поврзана со 37% поголем ризик од повреда, додека работата најмалку 60 часа неделно била поврзана со 23% поголем ризик од повреда. Ова истражување го спровел (A E Dembe, J B Erickson at al., 2005).

Истражување спроведено од (Achmad Junaidia, Eko Sasono at al., 2020) овде се фокусираат на стресот и неговото влијание од прекувремената работа и работното оптоварување врз намерата за напуштање на работата. Клучните наоди од ова истражување укажуваат на тоа дека и прекувремената работа и оптоварувањето значително влијаат на намерата за напуштање, со податок дека стресот од прекувремената работа и работното оптоварување придонесуваат дури 77.6% во намерата за напуштање на работата.

1.7. ЗАШТИТА И СИГУРНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО

1.7.1 Технолошки пристапи за превентивна заштита

Во текстилната индустрија ефикасното воведување на мерки за техничка и технолошка заштита придонесува кон намалување на опасностите и професионалните ризици кои можат да влијаат на безбедноста и здравјето на шивачите. Подобрувањето на условите на работа преку стратегии за превенција, како што е одржувањето на патеките за движење да бидат секогаш суви и чисти за да се избегне ризик од паѓање е основен пристап за заштита на работниците.

За ефективно справување со негативните ефекти од бучавата треба да има периодични мерења на истата и треба да се спроведуваат мерки за намалување на бучавата. Употреба на заштитна опрема за ушите, како што се слушалки за намалување на звукот кои значително ја ограничуваат изложеноста на вработените на штетните нивоа на бучава.

Посебна важност давам на ергономските услови на работниците во текстилната индустрија, поради тоа што значително време од работата ја поминуваат во седечка положба додека ги извршуваат своите задачи. Ергономскиот дизајн на работното место, а посебно на столчињата е од суштинско значење за намалување на физичкиот напор и потенцијалните здравствени проблеми. Столчињата кои се дизајнирани така што го поддржуваат природното држење на телото овозможувајќи лесно променлива работна позиција и непречено движење се од голема значајност за здравјето и продуктивноста на работниците.(Koepke et al., 2003) Покрај ова столчињата треба да нудат поддршка за нозете, адекватна висина и лумбална поддршка за спречување на болките во грбот и други мускулно-скелетни нарушувања. Подобрувањето на ергономските услови на работното место може значително да придонесе кон подобро здравје, комфор и ефикасност на работниците во текстилната индустрија, затоа работните солчиња треба да ги имаат овие особини:

1. Приспособливост според задачите и висината на работната површина: работниот стол треба да биде променлив и да се прилагодува според висината на работната маса и спецификите на задачите што ги извршува секој вработен.

2. Можности за регулирање на висината: Седиштето и наслонот за грбот треба да можат лесно да се подесуваат, обезбедувајќи поддршка и удобност на корисникот.

3. Флексибилност на седиштето: Опција за навалување напред и назад треба да биде интуитивна, овозможувајќи лесна промена на позицијата на вработениот за време на работа.

4. Поддршка за нозе: Дизајнот на работното столче треба да гарантира дека под работната маса има доволно простор за нозете, дозволувајќи лесно прилагодување на положбата на нозете.

5. Стабилност на стапалата: Важно е стапалата на вработениот секогаш да можат да стојат рамно и цврсто на подот за подобрување на држењето на телото и удобноста.

6. Ергономска поддршка за лумбалниот дел: Вградената поддршка за долниот дел од грбот е суштинска за превенција на болки и нелагодности.

7. Нежно закривено седиште: Предниот раб на работното столче треба да биде нежно закривен надолу, намалувајќи го притисокот во мускулите на нозете и зголемувајќи ја удобноста.

8. Цврста основа: Работното столче мора да обезбеди стабилност без опасност од превртување, осигорувајќи сигурност и доверба кај вработениот.

1.7.2 Заштитни медицински мерки за здравје и безбедност

Владата на Република Медонија во согласност со законот за безбедност и здравје при работа, преку уредбата утврдува важноста за здравствените прегледи на вработените за заштита на нивното здравје и безбедност на работното место. Со ова уредба се дефинираат видовите, начините, обемот и ценовникот на здравствените прегледи вклучувајќи ги преходните прегледи, периодичните прегледи, насочените прегледи и систематските прегледи. (Службен весник на РМ, бр. 60 од 24.4.2013 година)

Се истакнува дека претходните прегледи се од суштинска важност за утврдување на здравствената состојба и работната способност на вработените пред вработување или преместување на работно место со зголемен ризик. Периодичните прегледи служат за следење на здравствената состојба и оценување на работната способност на вработените, додека насочените прегледи се спроведуваат со специфични цели, особено после боледување или повреди. Систематските прегледи пак имаат за цел заштита и унапредување на здравјето на сите вработени без разлика на ризикот на нивните работни места.

Извршувањето на здравствените прегледи се води од страна на овластени здравствени установи, со строго почитување на стандардите и протоколите предвидени во законот и уредбата. Покрај тоа, оваа уредба обезбедува и детален ценовник на услугите што обозможува транспарентност и пристапност за сите работодавци.

1.7.3 Правни мерки за превенција и заштита

Преку имплементацијата на стратегиите и законските акти за безбедност и здравје при работа, нашата држава се стреми кон создавање на безбедни и здрави услови за сите работници. Овие докумнети го регулираат начинот на превенција од професионални болести и повреди на работното место, промовирајќи култура на безбедност и здравје која се базира на превенција, образование и постојано следење.

Принципите на промоција, одговорност, вклученост и професионалност се клучни во обезбедувањето на ефикасен систем кој ќе ги заштити работниците од ризик и ќе им овозможи безбедни и продуктивни работни места. Оваа ангажираност кон безбедност и здравје не само што ги заштитува вработените, туку и придонесува кон економскиот развој и општествената благосостојба.

Законски акти за регулирање на здравјето и безбедноста на работа во нашата држава се:

1. Закон за безбедност и здравје при работа – основен закон кој ја дефинира рамката за обезбедување на безбедност и здравје на работниците.

2. Закон за здравствена заштита – регулира обезбедувањето и промоцијата на здравствената заштита на работниците.

3. Закон за здравствено осигурување –ги уредува обврските и правата поврзани со здравственото осигурување на вработените.

4. Закон за пензиско и инвалидско осигурување – обезбедува поддршка за работниците во случај на повреда на работа или професионална болест.

5. Закон за работни односи – уредува правата и обврските на работодавците и вработените со посебен акцент на безбедноста и здравјето при работа.

6. Закон за инспекција на трудот – уредува надзорот и контролата на спроведувањето на законските прописи во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Секој од овие закони и стратегии претставува значаен чекор кон заштита и унапредување на условите на работа во нашата држава, со крајна цел да се создаде општество каде што сите работници ќе имаат безбедни и здрави услови за работа.

Во спроведувањето на мерките за заштита, потребно е да се внимава на следните аспекти за да се обезбеди целосна согласност со конвенциите, препораките и директивите на Меѓународната организација на трудот (МОТ) и Светската здравствена организација (СЗО):

1. Строга имплементација на стандардите за безбедност и здравје: Сите мерки мора да бидат дизајнирани и спроведени во согласност со највисоките меѓународни стандарди и практики за заштита на работниците.

2. Редовна оценка на ризици и опасности: Спроведувањето на детални и периодични оценки на ризици на сите работни места за идентификување и управување со потенцијални опасности за здравјето и безбедноста на вработените.

3. Обезбедување на соодветна обука и информации: Сите вработени мора да добијат соодветна обука за безбедност и здравје на работното место, вклучително и информации за потенцијалните ризици и како да се заштитат од нив.

4. Воведување на соодветни мерки за контрола и превенција: Развојот и имплементација на ефективни мерки за контрола за да се намалат или елиминираат ризиците за здравјето и безбедноста на работното место.

5. Мерење на нивото на микроклиматски услови: Ова вклучува мерење на температурата, влажноста, брзината на воздушниот проток и атмосферскиот притисок во работната средина. Податоците од овие мерења помагаат во осигурувањето дека условите се во рамките на препорачаните граници за здравје и комфор на вработените.

6. Мерење на нивото на бучава: Бучавата на работното место може да има значително влијание на здравјето на вработените, вклучително и ризик од оштетување на слухот. Мерењето на нивоата на бучава овозможува

идентификување на потенцијални проблеми и спроведување на соодветни мерки за контрола, акко што се звучна изолација или употреба на заштита на ушите.

7. Мерење на осветленост: Адекватната осветленост е критична за превенција и напори и зголемување на продуктивноста. Мерењата треба да гарантираат дека сите области на работното место се соодветно осветлени во согласност со вршената работна активност.

8. Мерење на заземјување и громобранска заштита: Проверка на системите за заземјување и громобранска заштита е потребно за спречување на електрични шокови или други опасности поврзани со електричната енергија. Ова вклучува осигурување дека сите електрични инсталции и уреди се безбедно заземјени и дека громобранските системи се исправни и функционални.

9. Одржување на здравствени услуги на работното место: Овозможување на достапност до здравствени услуги за превенција, дијагностика и лекување на професионални болести и повреди.

10. Неприканато подобрување: Системот за управување на безбедност и здравје при работа треба да биде предмет на непрекината оценка и подобрување за да се осигура неговата актуелност и ефикасност.

(Стратегија за безбедност и здравје при работа 2021-2025)

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2.1. Концепт, област, задачи и цел на истражувањето

2.1.1 Концепт на истражувањето

Концептот на истражувањето се базира на квантитативни методи. Ова истражување користи статистичка анализа за да ги испита и разбере факторите кои придонесуваат за мускулно-скелетни нарушувања кај работниците во текстилната индустрија односно шивачите. Истражувањето е направено врз основа на добиените резултати од Прашалник за мускулно-скелетни нарушувања поради работните активности (Canadian Center for Occupational Healt and Safety (WMSDs) 2020) (Malaysian Journal of Public Health Medicine 2023) (Cornell Musculoskeletal Discomfort Questionnaire (CMDQ))

2.1.1.1 Област на истражување

Во ова истражување ќе се испитува врската помеѓу неколку фактори и појавата на мускулно-скелетни нарушувања. Овие фактори вклучуваат:

- години на работникот
- работен стаж – Вкупен работен стаж како и работен стаж на тековно работно место;
- вид на работната позиција
- антропометриски карактеристики на работникот – телесни мерки и пропорции на работникот, како што се висината и тежината;

Од друга страна, ќе се проверува појавата на:

- мускулно-скелетните нарушувања;
- лекарски совет – дали работникот побарал лекарски совет за симптомите;
- болки по работната смена и квалитет на сонот – дали работникот има болки по завршување на работната смена и дали тие болки го попречувале неговиот сон;
- ергономија на работното место – дали работното место е ергономски дизајнирано и дали работникот добил обука за безбедност и здравје при работа.

2.1.1.2 Задачи на истражувањето

Задачи на истражувањето се:

- Да се утврди процентот на текстилни работници, конкретно шивачи кои доживеале мускулно-скелетни нарушувања поради својата работа.
- Да се утврди процентот на мускулно-скелетни нарушувања кај работниците кои работат на позицијата канцелариски работник.
- Да се утврди дали има значајна разлика во зачестеноста на мускулно-скелетните нарушувања меѓу шивачите и канцелариските работници.
- Да се утврди дали возраста на работникот влијае на ризикот од појава на мускулно-скелетни нарушувања.
- Да се утврди дали мускулно-скелетните нарушувања придонесуваат во попречување на сонот кај работниците.
- Да се провери дали постои корелација меѓу антропометриските карактеристики на работниците и појавата на мускулно-скелетните нарушувања.
- Да се утврди дали работниците имаат добиено обука за безбедност и здравје при работа.

2.1.1.3 Цел на истражувањето

Целта на ова истражување е да се дојде до сознанија за факторите кои влијаат на појавата на мускулно-скелетни нарушувања кај работниците, односно на текстилните работници (шивачи) и да се споредат со податоците од канцелариските работници. Овие податоци се обезбедени преку споредување на процентот на работници од двете групи кои доживеале мускулно-скелетни нарушувања, како и анализирање на разликите меѓу овие групи.

Истражувањето има теоретска и практична вредност. Главно теоретско значење се однесува на збогатувањето на знаењето за причините за појава на мускулно-скелетни нарушувања во различни работни средини. Иако се откриени бројни фактори кои придонесуваат за овие нарушувања, во оваа студија се анализираат влијанијата на возраста и антропометриските карактеристиките на работниците врз зачестеноста на овие нарушувања. Врз основа на добиените резултати, се постигнува зголемено разбирање на тоа зошто се јавуваат мускулно-скелетни нарушувања кај одредени групи на работници. А пак главната практична вредност на истражувањето е поврзана со откривање на ефектите на мускулно-скелетните нарушувања врз квалитетот на сонот кај работниците и улогата на обуката за безбедност и здравје при работа. Истражувањето ги открива разликите во зачестеноста на овие нарушувања меѓу шивачите и канцелариските работници, како и

влијанието на возраста и антропометриските карактеристики на за појава на овие заболувања. Овие податоци ќе овозможат за донесување на соодветни превентивни мерки и дизајнирање на стратегии за управување со безбедноста и здравјето при работа.

Исто така, врз основа на добиените резултати, можат да се идентификуваат и подобрат ергономските аспекти на работните места со цел да се намали ризикот од појава на мускулно-скелетни нарушувања.

2.2. Хипотези

Врз основа на анализата на релевантната литература која ги опфаќа мускулно-скелетните нарушувања, во ова истражување се испитуваат следните хипотези:

Генерална истражувачка хипотеза

Се забележува значајна статистичка разлика меѓу шивачите и канцелариските работници во однос на зачестеноста и видот на мускулно-скелетните нарушувања, нарушувањата односно болката која продолжува по работната смена, користењето на слободни денови, квалитетот на сонот и обуката за БЗР.

Потхипотеза 1: Се забележува статистичка разлика во различните работни позиции (шивачи и кнацелариски работници) покажуваат значајна разлика во видовите на мускулно-скелетните нарушувања.

Потхипотеза 2: Мускулно-скелетни нарушувања се значајно поврзани со специфичната работна позиција на испитаниците.

Потхипотеза 3: Постои значајна разлика помеѓу шивачите и канцелариските работници во врска со ергономската дизајнираност на работното место.

Потхипотеза 4: Се забележува статистичка разлика во различните работни позиции (шивач и канцелариски работници) покажува значајна разлика во користењето на слободни денови поради мускуло-скелетните нарушувања.

Потхипотеза 5: Се забележува статистичка разлика во различните работни позиции (шивач и канцелариски работници) покажува значајна разлика во присуството на болка или непријатности по завршување на работната смена.

Потхипотеза 6: Постои статистичка разлика меѓу шивачите и канцелариските работници во однос на квалитетот на сонот поради мускулно-скелетните заболувања.

2.3. Истражувачки варијабили

2.3.1 Вработени во секторот за текстилна индустрија

Под вработени во секторот за текстилната индустрија се подразбира за сите вработени кои работат во текстилна компанија. За да се спроведе ова истражување се анкетирани само две работни групи, вклучувајќи шивачи и канцелариски работници. И двете групи ја извршуваат својата работа претежно во седечка положба, што ја прави оваа категорија особено интересна за истражување на мускулно-скелетни нарушувања предизвикани од статични работни услови.

2.3.2 Мускулно-скелетни нарушувања поврзани со работата

Мускулно-скелетни нарушувања поврзани со работата се однесува за состојби кои влијаат на мускулите, зглобовите, тетивите, коските и нервите на работниците. Овие нарушувања се јавуваат поради долготрајна изложеност на статични положби, повторувачки движења, физички напор и неповолни работни услови. Симптомите може да вклучуваат болка, вкочанетост, оток и намалена подвижност, што значително влијае на квалитетот на животот на работникот.

2.4. Релативни варијабили

2.4.1 Индустрија

Во истражувањето е вклучена компанија од текстилната инудстрија.

2.4.2 Големина на компанијата

Во истражувањето е вклучена голема компанија според бројот на вработени.

2.4.3 Работна позиција

Анкетираните кои се вклучени во ова истражување се на работното место шивач и канцелариски работник во текстилната индустрија.

2.4.4 Пол на испитаници

Поради тоа што најголемиот дел од работниците на позицијата шивач се од женски пол, сите испитаници од групата на шивачите се жени. Од друга страна, групата на канцелариските работници е составена од испитаници од двата пола, вклучувајќи и мажи и жени.

2.4.5 Возраст

Испитаниците кои беа вклучени во истражувањето се на возраст до 55 години.

2.4.6 Работен стаж

Испитаниците кои беа вклучени во истражувањето имаат работен стаж од најмалку 5 години.

2.4.7 Работно време на испитаниците

Испитаниците вклучени во истражувањето работат со полно работно време, кое се состои од 8 часа, 5 дена во неделата.

2.5. Дефинирање на шивачката и канцелариската група

2.5.1 Шивачка група

Шивачка група (ШГ) се состои од 25 учесници од женскиот пол кои работат како шивачи во текстилната индустрија.

2.5.2 Канцелариска група

Канцелариска група (КГ) се состои од 25 учесници од двата пола и машки и женски кои работат како канцелариски работници во текстилната индустрија.

2.6. Мерни инструменти

Истражувањето беше спроведено 2024 година го месец мај. Во ова истражување се користени податоци и резултати добиени од прашалникот за мускулно-скелетни

нарушувања поради работните активности (Canadian Center for Occupational Healt and Safety (WMSDs) 2020) (Malaysian Journal of Public Health Medicine 2023) (Cornell Musculoskeletal Discomfort Questionnaire (CMDQ)) во текстилната индустрија. Овие прашалници обезбедуваат детален и сеопфатен преглед на мускулно-скелетните нарушувања кај работниците во текстилната индустрија, овозможувајќи анализа на различни фактори кои придонесуваат кон појавата на овие нарушувања.

Прашалникот за мускулно-скелетни нарушувања поради работните активности е составен од девет прашања од кои три се однесуваат за локализација на болката и непријатноста на единаесет делови од телото. А другите шест се поединечни прашања кои се однесуваат за лекарски совет, ергономија на работното место, квалитет на сон и обука за безбедност и здравје при работа.

На секое од прашањата и трите прашања односно единаесетте дела од телото испитаниците одговараат посебно, и на кои испитаниците одговараат со „ДА“ и „ Не“. Бодирањето е со 1 и 0. За секој одговор со „да“ се бодира со 1, а за секој одговор со „не“ се бодира со 0. Вкупните бодови на прашалникот се од 0 до 44, бројот 44 се добива преку збирот на сите бодови, со ова се добива вкупниот број на бодови за прашалникот. Поголемиот број на бодови укажува на поголема присутност на мускулно-скелетни нарушувања кај испитаникот.

2.6.1 Демографски податоци

Овие податоци вклучуваат пол, возраст, место на живеење, степен на образование.

2.6.2 Работна историја

Во работната истроија се вклучени следните податоци и информации поврзани со професионалниот живот на испитаниците:

- Работната позиција, работен стаж како и работниот стаж на тековната работна позиција;
- Обученост за безбедност и здравје при работа;
- Податоци за изложеноста на рабоните ризици на тековната работа;
- Информаци за ергономијата на работното место како и мускулно-скелетните нарушувања.

2.6.3 Антропометриски параметри

Ова истражување ги вклучува следните мерки и информации поврзани со физичките карактеристики на испитаниците:

- Висина на испитаникот во сантиметри и метри.
- Телесна тежина на испитаникот во килограми.

Се анализираше нивото на ухранетост кај испитаниците, со употреба на индексот на телесна маса (БМИ), кој се пресметува како пропорција помеѓу телесната тежина и телесната висина на испитаникот. На основа на БМИ вредностите, состојбата на ухранетост на испитаниците се категоризира во следниве категории:

- Под 18.5: Потхранетост
- 18.5 - 25: Нормална тежина
- 25 – 30: Прекумерна тежина
- 30 и повеќе: Натхранетост (Centers for Disease Control and Prevention (2016). About Adult BMI) (Kim et al. Annals of Occupational and Environmental Medicine (2016))

2.7. Статистичка обработка на податоците

Собраните податоци ќе бидат детално анализирани користејќи го софтверскиот пакет IBM SPSS. Во оваа фаза ќе се применат различни статистички методи за да се извлечат релевантни заклучоци од податоците.

Континуираните варијабли ќе бидат претставени со средни вредности и стандардни девијации, додека номиналните варијабли ќе бидат прикажани како апсолутни броеви и проценти. За визуелизација на податоците ќе се користат табели и графикони, што ќе помогне во разбирањето на основните карактеристики на податоците.

Во анализата ќе се користат следниве инференцијално-статистички методи:

- Pearson-ов χ^2-тест или Fisher's exact тест – за да се споредат категоријалните серии и да се утврдат статистички значајни разлики меѓу групите.
- Анализа на квантитативни податоци – пресметка на аритметичката средина и стандардната девијација
- Анализа на квалитативни податоци – пресметка на пропорции и проценти за да се оцени распределбата на категоријалните променливи;
- Корелација – метод за мрежа на врската меѓу две променливи;
- Student-ов t-тест – споредување на средни вредности меѓу групи.

Статистичката значајност на резултатите ќе се определува со p-вредност помала од 0,05.

3. ИСТРАЖУВАЧКИ РЕЗУЛТАТИ


Особини на тестираната и споредувачката група

Овие две групи се состојат од по 25 испитаници (n=25). Во овие две групи се испитани шивачите и канцелариските работници во текстилната индустрија. Испитаниците од шивачката група се од женски пол, додека испитаниците од канцелариската група имаат претставници од двата пола, и машки и женски.


Во табела 1 е прикажана средна старосна вредност на испитаниците од шивачката и канцелариската група, во графикон 1 ги прикажува податоците за распределбата на возраста на вработените во шивачката група, а графикон 1.1 ги прикажува податоците за распределбата на возраста на вработените во канцелариската група.

Табела 1: Средна старосна вредност на испитаниците од шивачката и канцелариската група

Работна позиција	**N**	Средна старосна вредност (mean±SD)	t (p)
ШГ	25	49,08±4,91	1,87 (0.069)
КГ	25	45,16±9,25	



Графикон 1: Распределба на возраста на вработените во шивачката група




Графикон 1.1: Распределба на возраста на вработените во канцелариската група

Во табела 1 се покажува дека нема значајна статистичка разлика помеѓу двете групи во однос на возраста, бидејќи p-вредноста е повисока од типичниот праг на значајност (0.05).


Во табела 2 се прикажани средните вредности на вкупниот работен стаж и работниот стаж на тековното работно место помеѓу ШГ и КГ, во графиконот 2 се прикажува распределбата на работниот стаж на тековното работно место за шивачката група, а графиконот 2.1 прикажува распределбата на работниот стаж на тековното работно место за канцелариската група.

Табела 2: Средна вредност на целиот работен стаж и работниот стаж на тековното работно место помеѓу шивачката група и канцелариската група на испитаници

Работна позиција	N	Вкупен работен стаж	Работен стаж на тековното работно место
ШГ	25	21,12±6,22	11,04±6,37
КГ	25	17,6±7,6	12,48±5,99
t (p)		1,79 (0,08)	-0,823 (0,41)



*Графикон 2:*Распределба на работниот стаж на тековното работно место- шивач



Графикон 2.1: Распределба на работнот стаж на тековното работно место канцелариски работници

Вкупниот работен стаж кај испитаниците:

- шивачката група (ШГ): средниот вкупен работен стаж е 21,12 години со стандардна девијација од 6,22.
- канцелариската група (КГ): средниот вкупен работен стаж е 17,6 години со стандардна девијација од 7,6.
- тест на значајност: t-вредноста е 1,79, а p-вредноста е 0,08 што значи дека разликата не е статистички значајна.

Работен стаж на тековното работно место:

- шивачката група (ШГ): средниот работен стаж на тековното работно место е 11,04 години со стандардна девијација од 6,37.
- канцелариската група (КГ): средниот работен стаж на тековното работно место е 12,48 години со стандардна девијација од 5,99.
- тест на значајност: t-вредноста е -0,823, а p-вредноста е 0,41 што значи дека разликата не е статистички значајна.


Со ова може да заклучиме дека нема статистички значајни разлики во вкупниот работен стаж и работниот стаж на тековното работно место помеѓу шивачката група и канцелариската група според p-вредностите кои се поголеми од 0,05.

Во табела 3 се прикажува распределба на шивачката група и канцелариската група според БМИ класификациите и средната вредност кај овие испитаници.


Табела 3: Распределба на антропометриските мерки и индекси на телесната маса БМИ помеѓу шивачката група и канцелариската група

Антропометриски мерења	Под 18 (потхранети)	18.5 - 25 (нормална тежина)	25-30 (прекумерна тежина)	30 и повеќе (натхранетос)	БМИ
ШГ n=25	1 (4%)	9 (36%)	10 (40%)	5 (20%)	27,05±5,24
КГ n=25	0 (0%)	12 (48%)	12 (48%)	1 (4%)	26,19±5,42
χ^2 (p)	4,277 (0,233)				0,57 (0,573)

Со добиените резултати кои се прикажани во табела 3 може да заклучиме дека нема статистична значајна разлика во просечната вредност на БМИ помеѓу двете групи. На табелата може да се види дека поголем процент од шивачката група има 25-30 (прекумерна тежина) или се 30 или повеќе (натхранети) во споредба со канцелариската група.



Графикон 3: БМИ класификација според работната позиција- шивач и канцелариски работник




Графикон 3.1: Распределба на шивачката група и канцелариската група според БМИ класификациите и средната вредност кај овие испитаници

Прашалник за мускулно-скелетни нарушувања поради работните активности

Табела 4: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена?	Шивачка група	25	21 (84%)	4 (16%)	4,666 (0,031)
	Канцелариска група	25	14 (56%)	11 (44%)	




Графикон 4: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци

Според табела 4 може да се воочи дека поголем процент од шивачката група (84%) пријавиле болка и непријатности поврзани со работата во споредба со канцелариската група од кои пријавиле (56%). Ова означува дека многу е веројатно дека работната позиција има влијание врз доживувањето на болка и непријатности. Исто така може да заклучиме дека разликата помеѓу двете групи е статистички значајна, бидејќи p-вредноста е 0,031 што е помалку од 0,05. Канцелариската група има значителен помал процент на лица кои пријавиле болка и непријатности (44%) во споредба со шивачката група од (16%). Ова е важно бидејќи укажува на тоа дека работната позиција на шивачите е поврзана со поголем ризик од болка или непријатности.

Табела 5: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во вратот

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во вратот?	Шивачка група	25	10 (40%)	15 (60%)	1,47 (0,225)
	Канцелариска група	25	6 (24%)	19 (76%)	




Графикон 5: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во вратот

Според табела 5 застапеноста на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во изминатите 8 месеци во вратот, нема статистични значајна разлика помеѓу двете групи.

Табела 6: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во рамото

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во рамото?	Шивачка група	25	7 (28%)	18 (72%)	0,104 (0,747)
	Канцелариска група	25	6 (24%)	19 (76%)	




Графикон 6: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во рамото

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на присуството на болка или непријатности во изминатите 8 месеци кои продолжиле повеќе од два дена во рамото.

Табела 7: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во лактот

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во лактот?	Шивачка група	25	3 (12%)	22 (88%)	0,222 (0,683)
	Канцелариска група	25	2 (8%)	23 (92%)	




Графикон 7: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во лактот

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на присуството на болка или непријатности во изминатите 8 месеци кои продолжиле повеќе од два дена во лактот.

Табела 8: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во зглобот на дланката

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во зглобот на дланката?	Шивачка група	25	13 (52%)	12 (48%)	7,218 (0,007)
	Канцелариска група	25	4 (16%)	21 (84%)	




Графикон 8: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во зглобот на дланката

Табела 8 прикажува податоци на испитаници од шивачката група и канцелариската група кои доживеале болка или непријатности во зглобот на дланката поврзани со работата во текот на последните 8 месеци. Поголем процент од шивачката група (52%) пријавиле болка и непријатности поврзани со работата во зглобот на дланката во споредба со канцелариската група кои пријавиле (16%). Може да се заклучи дека разликата помеѓу двете групи е статистички значајна, ова означува дека работната позиција има влијание

врз доживувањето на болката или непријатностите во зглобот на дланката. Шивачите почесто пријавуваат болка или непријатности во зглобот на дланката во споредба со канцелариските работници. Ова е важно бидејќи укажува на тоа дека работната позиција на шивачите е поврзана со поголем ризик од болка или непријатности во зглобот на дланката.

Табела 9: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во раката

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во раката?	Шивачка група	25	11 (44%)	14 (56%)	0,082 (0,775)
	Канцелариска група	25	10 (40%)	15 (60%)	




Графикон 9: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во раката

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на присуството на болка или непријатности во изминатите 8 месеци кои продолжиле повеќе од два дена во раката.

Табела 10: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во горниот дел на грбот

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во горниот дел на грбот?	Шивачка група	25	13 (52%)	12 (48%)	4,158 (0,041)
	Канцелариска група	25	6 (24%)	19 (76%)	




Графикон 10: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во горниот дел на грбот

Во табела 10 има статистички значајна разлика помеѓу шивачката и канцелариската група кои доживеале болка или непријатности во горниот дел на грбот поврзани со работата во текот на последните 8 месеци. Шивачката група има значително поголем

процент на лица кои пријавиле болка или непријатности во горниот дел на грбот (52%) во споредба со канцелариската група. Може да се заклучи дека шивачите почесто пријавуваат болка или непријатности во горниот дел на грбот во споредба со канцелариските работници. Ова е важно бидејќи укажува на тоа дека работната позиција на шивачите е поврзана со поголем ризик од болка или непријатности во горниот дел на грбот.

Табела 11: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во средниот дел на грбот

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во средниот дел на грбот?	Шивачка група	25	5 (20%)	20 (80%)	0,44 (0,507)
	Канцелариска група	25	7 (28%)	18 (72%)	




Графикон 11: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во средниот дел на грбот

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на присуството на болка или непријатности во изминатите 8 месеци кои продолжиле повеќе од два дена во средниот дел на грбот.

Табела 12: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во долниот дел на грбот

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во долниот дел на грбот?	Шивачка група	25	8 (32%)	17 (68%)	0,936 (0,333)
	Канцелариска група	25	5 (20%)	20 (80%)	




Графикон 12: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во долниот дел на грбот

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на присуството на болка или непријатности во изминатите 8 месеци кои продолжиле повеќе од два дена во долниот дел на грбот.

Табела 13: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во карлицата, бутовите и задницата

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во карлицата, бутовите и задницата?	Шивачка група	25	5 (20%)	20 (80%)	0,136 (0,712)
	Канцелариска група	25	4 (16%)	21 (84%)	




Графикон 13: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во карлицата, бутовите и задницата

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на присуството на болка или непријатности во изминатите 8 месеци кои продолжиле повеќе од два дена во карлицата, бутовите и задницата.

Табела 14: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во колената

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во колената?	Шивачка група	25	11 (44%)	14 (56%)	8,42 (0,0037)
	Канцелариска група	25	2 (8%)	23 (92%)	




Графикон 14: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во колената

Постои статистичи значајна разлика помеѓу шивачката група и канцелариската група кои доживеале болка или непријатости во колената поврзани со работата во изминатите 8 месеци. Шивачката група има поголем процент на испитаници кои пријавиле болка или непријатности во колената (44%) во споредба со канцелариската група (8%). Ова покажува дека работната позиција на шивачите е со поголем ризик од добивање на болка или непријатности во колената.

Табела 15: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во глуждовите и нозете

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Во текот на изминатите 8 месеци, дали сте доживеале болка или непријатности поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во глуждовите и нозете?	Шивачка група	25	8 (32%)	17 (68%)	0,936 (0,333)
	Канцелариска група	25	5 (20%)	20 (80%)	



Графикон 15: Застапеност на болката и непријатностите поврзани со работата кои продолжиле повеќе од два дена во последните 8 месеци во глуждовите и нозете

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на присуството на болка или непријатности во изминатите 8 месеци кои продолжиле повеќе од два дена во глуждовите и нозете.

Табела 16: Влијание од болката или непријатностите врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Дали болката или непријатностите ве принудија да земате слободни денови од работата во изминатите 8 месеци?	Шивачка група	25	9 (36%)	17 (64%)	3,948 0,047
	Канцелариска група	25	3 (12%)	22 (88%)	




Графикон 16: Влијание од болката или непријатностите врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

Постои статистичи значајна разлика помеѓу шивачката група и канцелариската група кои биле принудени да земат слободни денови од работата поради болка и непријатности во текот на изминатите 8 месеци.

Табела 17: Влијание од болката или непријатностите во вратот врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Дали болката или непријатностите во вратот ве принудија да земате слободни денови од работата во изминатите 8 месеци?	Шивачка група	25	4 (16%)	21 (84%)	4,348 (0,037)
	Канцелариска група	25	0 (0%)	25 (100%)	




Графикон 17: Влијание од болката или непријатностите во вратот врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

Постои статистичи значајна разлика помеѓу шивачката група и канцелариската група кои биле принудени да земат слободни денови од работата поради болка и непријатности во вратот во текот на изминатите 8 месеци. Шивачката група има значително поголем процент на лица кои биле принудени да земат слободни денови поради болка и непријатности во вратот (16%) во споредба со канцелариската група. Ова укажува на тоа дека работната позиција на шивачите е со поголем ризик од појава на болка и непријатности во вратот.

Табела 18: Влијание од болката или непријатностите во рамото врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Дали болката или непријатностите во рамото ве пренудија да земате слободни денови од работата во изминатите 8 месеци?	Шивачка група	25	0 (0%)	25 (100%)	2,084 (0,149)
	Канцелариска група	25	2 (8%)	23 (92%)	




Графикон 18: Влијание од болката или непријатностите во рамото врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на тоа дали болката или непријатностите во рамото ги принудиле да земат слободни денови од работата во изминатите 8 месеци.

Табела 19: Влијание од болката или непријатностите во лактот врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Дали болката или непријатностите во лактот ве принудија да земате слободни денови од работата во изминатите 8 месеци?	Шивачка група	25	0 (0%)	25 (100%)	1,02 (0,312)
	Канцелариска група	25	1 (4%)	24 (96%)	




Графикон 19: Влијание од болката или непријатностите во лактот врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на тоа дали болката или непријатностите во лактот ги принудиле да земат слободни денови од работата во изминатите 8 месеци.

Табела 20: Влијание од болката или непријатностите во зглобот на дланката врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
Дали болката или непријатностите во зглобот на дланката ве пренудија да земате слободни денови од работата во изминатите 8 месеци?	Шивачка група	25	0 (0%)	25 (100%)	1,02 (0,312)
	Канцелариска група	25	1 (4%)	24 (96%)	




Графикон 20: Влијание од болката или непријатностите во зглобот на дланката врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

Резултатите пожуваат дека нема статистички значајна разлика помеѓу групата на шивачите и канцелариската група во однос на тоа дали болката или непријатностите во зглобот на дланката ги принудиле да земат слободни денови од работата во изминатите 8 месеци.

Табела 21: Влијание од болката или непријатностите во раката врз земањето слободни денови од работата во изминатите 8 месеци

	Работна позиција	N	ДА	НЕ	χ^2 (P)
